
РЕЗИМЕ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

Институт за комуникациски студии

ОТПОРНОСТ НАМЕСТО ДЕМАНТИ: ОДГОВОР НА СТРАНСКОТО МЕШАЊЕ И МАНИПУЛИРАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ

вон. проф. д-р Марина Тунева; д-р Драган Секуловски



Извршно резиме

Странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) е „намерен и координиран образец на манипулативно однесување“ што може негативно да влијае врз демократските процеси и довербата во институциите. Оттука, носителите на одлуки, регулаторните тела и медиумските актери треба да го третираат како системски ризик, особено во изборни циклуси и кризни ситуации, и да воспостават предвидлив, пропорционален одговор што ја штити јавната сфера без да ја наруши слободата на изразување.

Клучната насока е СММИ да не се третира како низа инциденти што се гаснат со ад хок деманти, туку како ризик што бара јасна поставеност, предвидлив одговор и координација. Затоа се предлага СММИ-пристапот да има конкретна оперативна рамка: (1) негово вградување во клучни национални политики, (2) мала координациска структура со јасни улоги и стандарден протокол за „информативни инциденти“, (3) реални гаранции за независност и протоколи во јавниот сервис, (4) поголема транспарентност на сопственоста и финансирањето и правила за политичко онлајн рекламирање и (5) „изборен протокол“ за дигиталната сфера, вклучително и брзи, проверливи појаснувања за синтетички или манипулирани аудио- и видеосодржини.

Практично, мерките подразбираат комбинација меѓу институционална координација и протоколи за брз, проверлив одговор, со зајакнување на јавниот сервис, поголема транспарентност во медиумскиот сектор и изборни правила за дигиталната **сфера.**

Препораки за Владата и институциите

- Да се вгради јасна дефиниција и пристап за СММИ во клучните национални политики и стратегии (национална безбедност, кибербезбедност, јавна стратегиска комуникација), со прецизно распределени улоги и одговорности меѓу институциите.
- Да се формира мала, функционална, координациска структура со јасен мандат за следење ризици, размена на релевантни информации и усогласување на јавни реакции во чувствителни периоди, без улога на „арбитер на вистината“.
- Да се воспостави стандарден протокол за „информативни инциденти“: кој реагира, во кој рок, со кои извори и докази, како се објавуваат појаснувања и како се обезбедува доследна, проверлива и неполаризирачка комуникација.

Препораки за медиумски регулаторни политики

- Да се зајакне јавниот сервис преку мерки што реално ја штитат уредничката независност и отчетноста: транспарентни избори на управни и надзорни тела, критериуми за интегритет и интерни уредувачки правила што спречуваат манипулативно „реемитување“ на спорни наративи без проверка и контекст.
- Да се зголеми транспарентноста во медиумскиот сектор преку поефективни механизми за јавно достапни информации за сопственост и финансирање и јасни правила за јавни средства (вклучувајќи го и државното рекламирање), со независен надзор и редовна отчетност.
- Да се обезбеди интегритет во дигиталната сфера во изборни и кризни периоди преку национален „изборен протокол“ за онлајн средината: транспарентност и означување на политичко рекламирање, процедури за брзи и проверливи појаснувања при синтетички, манипулирани аудио- и видеосодржини и координација со релевантни институции и независни механизми на надзор и отчетност.

Зошто СММИ е системски ризик во Северна Македонија?

Странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) не се сведува на „лажни вести“, туку на претежно ненелегален, намерен и координиран образец на манипулативно однесување што може значајно да влијае врз вредностите, демократските процедури и политичките процеси. Во фокусот се намерата, координацијата, манипулативниот карактер и употребата на посредници и мрежи што овозможуваат инфилтрирање меѓу локални публики и засилување на наративи преку различни канали.

Во национален контекст, СММИ се манифестира како слабост на јавната комуникација не затоа што „јавноста верува во сè“, туку затоа што системот на информирање тешко обезбедува стабилни критериуми за проверка, контекст и одговорност во моменти на висок притисок. Токму тогаш манипулативните содржини најлесно се „вградуваат“ во секојдневното медиумско информирање: не мора да убедат мнозинство, доволно е да создадат конфузија, замор од проверување и поларизација.

СММИ најлесно продира во избори и кризни моменти

Најризични се периодите кога општеството е најчувствително, за време на избори, безбедносни и геополитички настани, кризи или инциденти со силен емотивен набој. Тогаш темпото ја потиснува проверката, а дури и мали интервенции во контекстот можат значајно да го насочат јавниот впечаток. Во такви ситуации, манипулативните содржини не мора да го „убедат“ мнозинството. Доволно е да создадат замор, конфузија и поларизација за да се наруши довербата во институциите и медиумите.

Ризикот дополнително се продлабочува поради структурни слабости на медиумскиот екосистем: економски ранлив пазар, нецелосна транспарентност на сопственоста и финансирањето, зависност од платформска видливост и недоволно јасни правила за политичко онлајн рекламирање. Во таква средина, манипулативните наративи лесно добиваат „локална легитимација“ преку повторување, селективно пренесување и псевдоаналитички тон, без нужно да постои директна контрола врз медиумите.

Зошто се клучни правилата, улогите и рутините?

Сегашниот пристап останува фрагментиран. СММИ се споменува во повеќе политики и документи, но без една јасна оперативна рамка што кажува кој ја следи појавата, кој ја проценува, кој ја координира реакцијата и како институциите комуницираат кога манипулативни содржини се шират низ медиумите и онлајн каналите. Во такви услови, одговорот најчесто доцни и е неусогласен: различни институции даваат различни пораки, а јавната реакција лесно се претвора во политичка расправа наместо во проверливо појаснување што ѝ помага на јавноста да се ориентира.

Дополнителен проблем е што врската меѓу кибербезбедносните капацитети и управувањето со информативни операции е слаба. Дури и кога постојат технички сигнали или индикации, тие ретко се претвораат во навремена и јасна јавна комуникација што ја намалува штетата и останува пропорционална и усогласена со човековите права. Така се создава „празнина“ во која манипулативните рамки се стабилизираат пред да се појават официјални појаснувања, а медиумите известуваат во услови на недостиг од проверливи информации.

Затоа е потребен премин од ад хок деманти кон предвидлив систем – договорени улоги, стандарден протокол за „информативни инциденти“, редовна размена на релевантни информации и проактивна транспарентност што го стеснува просторот за шпекулации. За медиумите тоа значи јасни уреднички рутини за проверка и контекстуализација во чувствителни периоди, како и мерки што ја намалуваат „сивата зона“ преку транспарентност на сопственоста, финансирањето и политичкото онлајн рекламирање. Ова не е механизам за „контрола на содржини“, туку практична рамка за доверба: правила и процедури што ја прават јавната реакција брза, проверлива и доследна, ја намалуваат штетата од манипулации и притоа ја зачувуваат слободата на изразување и медиумскиот плурализам.

Како брзо да го читаме СММИ (во 4 категории)


За практична проценка, корисно е да се следи „матрица“ со четири прашања:

Актери:

кој стои зад активноста (државни/недржавни актери и посредници).

Однесување/ тактики:

кои техники се користат координираност, прикриени мрежи, засилување, лажна автентичност).



Канали:


каде се гледа активноста (портали, социјални мрежи, видеоплатформи; конкретни линкови/објави како докази).

Ефекти/цели:

што се постигнува (поларизација, пад на довербата, демобилизација, притисок врз институции/ медиуми).

Консултирани извори

- Тунева М., Секуловски Д. (2026). Медиумскиот екосистем и странското мешање и манипулирање со информации во Северна Македонија. Скопје: Институт за комуникациски студии (ResPublica).
- Блејер-Симон К. (2025). Документ за јавни политики: Осврнување на странското мешање и манипулирање со информации во контекст на европските регулативи. Скопје: Институт за комуникациски студии (ResPublica).
- Хаџи-Јанев, М., Стоилковски, М. (2025). Странско мешање и манипулирање со информации во Република Северна Македонија – Појдовна анализа. Скопје: Институт за комуникациски студии (ResPublica).
- European External Action Service (EEAS) (2023). Foreign Information Manipulation and Interference (FIMI): A Framework for Analysis. Brussels: EEAS.



Повеќе за темата на ова резиме е објаснето во документот за јавна политика

„МЕДИУМСКИОТ ЕКОСИСТЕМ И СТРАНСКОТО МЕШАЊЕ И МАНИПУЛИРАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

Институт за комуникациски студии

www.iks.edu.mk **info@iks.edu.mk**

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Следење, откривање и разобличување на скриеното странско мешање и манипулирање со информации“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на британската влада.